РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
[redacted] 20___ год.

( Образец ПП……)

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë

| Примено / Pranuar | 26.08.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005- | 839/1 | - | |

**До: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

**(имател на информацијата)**

| |
|---|
| Арх. знак/Shenja arkivore ________ |
| Рок на чување/Afati i ruajtjes ________ |
| ________ 20___ год./Viti |
| Потпис/Nënshkrimi ________ |

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] емаил [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] емаил [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Препис од Одлуката по предмет бр. (ваш арх.) [redacted] од [redacted] година и препис од поштенска тетратка каде пишува дека Одлуката по овој предмет и оригиналните списи побарани од Ваша страна се испратени до првостепениот орган на одлучување [redacted].

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 25.08.2021 година .** [redacted] **Потпис**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

06.09. 2021

**Архивски број:** 1005-839/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен позитивно одговори на Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] преку [redacted] доставено до Државната комисија на ден 26.08.2021 година и заведено под број 1005-839/1.
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

[redacted], преку застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] на ден [redacted] година достави Барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под број 1005-839/1.

Во Барањето е наведено дека подносителот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер од имателот, во овој случај Државна комисија, бара да му се даде Препис од одлуката по предмет ( ваш рах.) 0904-127 од 08.07.2021 година и препис од поштенска тетратка каде пишува дека Одлуката по овој предмет и оригиналните списи побарани од страна на Државната комисија се испратени до првостепеиниот орган на одлучување општина [redacted]

Притоа, во барањето е наведено дека начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е препис, а начинот на доставување на информацијата е по пат на е- маил.


Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

При постапувње по доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисијата го имаше предвид член 20 став 1 од законот, каде е наведено дека ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

Исто така, во член 21 став 1 од законот е предвидено дека имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука позитивно да одговори на истото и бараната информација до подносителот ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото барање. Покрај информациите кои се побарани дополнително до Барателот ќе биде доставен и препис од допис – Доставување на решение донесено во втор степен со број [redacted] година, од кој може да се види дека до првостепениот орган, покрај Решението донесено од страна на Државната комисија се доставени и комплет списите кон предметот.

При постапување по барањето, Државната комисија го имаше предвид и член 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова